Врз основа на член 75 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ 161/2019) наставничкиот совет на состанокот одржан на 17.05.2022 година го донесе следниот

# Правилник за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација, пофалени и истакнати ученици при ООУ"Ацо Шопов" Бутел, Скопје

## I. Општи одредби

Со овој Правилник се утврдуваат:

**Член 1**

1. Критериумите и начинот на номинирање на ученик на генерацијата;
2. Критериумите и начинот на избор на ученик на генерацијата;
3. Критериумите и начинот на избор за пофалени ученици;

**Член 2**

Номинирање и избор на ученик на генерација и пофалени ученици ќе се врши на крајот на секоја наставна година.

**Член 3**

Изборот на ученик на генерација и пофалени ученици ќе се изведе по пат на рангирање. Прворангираниот ученик се прогласува за ученик на генерација а останатите рангирани се пофалени ученици.

**Член 4**

Избор на ученик на генерацијата и пофалени ученици го спроведува Комисија составена од:

- три предметни наставници кој предаваат или предавале во целата генерација, но не се одделенски раководители;
- по еден ученик од секоја паралелка од IX одделение

**Член 5**

Комисијата за избор на ученик на генерацијата и пофалени ученици се формира од страна на Наставничкиот совет најдоцна до месец мај и е со траење од една година.

**Член 6**

Со примената на одредбите на овој Правилник се постигнува поголема објективност при номинацијата на кандидати за изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици.

## II. Посебни одредби

### А) Номинирање

**Член 7**

Номинирање на кандидати за ученик на генерацијата и пофалени ученици се дава врз основа на следниве критериуми:

- Кандидатот да постигнувал среден успех 5.00 на крај на наставната година од IV до IX одделение;
- Кандидатот да бил оценет со примерно поведение на крај на наставната година од IV до IX одделение;
- Да учествувал на училишни, општински, регионални, државни, меѓународни натпревари или проекти каде го претставувал училиштето;
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголем од 3 (за секоја учебна година поодделно);
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето.

Право на учество за истакнат ученик на генерација од V, VI, VII и VIII одделение имаат сите ученици од V, VI, VII и VIII одделение кои ги исполнуваат горенавендените критериуми, меѓутоа истите се однесуваат на тековната учебна година.

**Член 8**

Номинираните кандидати за ученик на генерација, пофалени и истакнати ученици мора да поседуваат доказ/документ за одредбите именувани во членот 7 од овој правилник.

Доказите/документите што учениците кандидати за ученик на генерација и пофалени ученици треба да ги поседуваат се:

- копија од свидетелства од IV до IX одделение;
- дипломи, пофалници, потврди, мислења од наставник/стручен соработник во писмена форма и мислење од одделенската заедница во писмена форма;

**Член 9**

Номинацијата на кандидати за ученик на генерација и пофалени ученици се врши во рамките на секоја паралелка од IX одделение.

Самиот чин, номинација за ученик на генерацијата и пофалени ученици може да произлезе од:

- одделенската заедница;
- одделенскиот раководител;
- предметен наставник, кој изведува настава во таа паралелка;
- стручен соработник во училиштето;
- ученикот сам да се кандидира;

**Член 10**

Кандидатите за ученик на генерација и пофалени ученици мора да ги поднесат потребните документи со пријава и кратка биографија - CV до училишната комисија за прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици, до одредениот рок од страна на Комисијата.

**Член 11**

Доколку не се задоволени одредбите утврдени со членот 7,8, 9 и 10 од овој правилник, ученикот кандидат не се зема во предвид при изборот за ученик на генерација и пофалени ученици.

**Б) Избор**

**Член 12**

При изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици, училишната комисија за избор на ученик на генерација и пофалени ученици, користи инструмент за бодување врз основа на критериумите за избор на кандидати за ученик на генерацијата и пофалени ученици.

Инструментот за бодување е составен дел од овој Правилник и е даден како Анекс.

**Член 13**

За секој од предложените кандидати, училишната комисија за избор на ученик на генерација и пофалени ученици, пополнува индивидуален инструмент за бодување врз основа на критериумите за избор на кандидати за ученик на генерацијата и пофалени ученици.

**Член 14**

Критериумите за рангирање и избор на кандидатите за ученик во генерација и пофалени ученици се спроведува според следниве индикатори на успешност:

1. Учество и награди на индивидуални натпревари од здруженија акредитираниод страна на МОН, како и од неакредитирани, за афирмација на училиштето и интернационални натпревари — се однесува на натпревари каде ментори се наставници од училиштето (благодарници, дипломи, медаљи, потврди);
2. Учество и награди на групни натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН, како и од неакредитирани, и интернационални натпревари за афирмација на училиштето - се однесува на натпревари каде ментори се наставници од училиштето (благодарници, дипломи, медаљи);
3. Учество во вон наставни активности за афирмација на училиштето — се однесува на театарски претстави, изложби, промоции, училишни активности/проекти, (благодарници, дипломи, мислење на наставник/стручен соработник);
4. Мислење од Наставнички совет — секој присутен наставник член на Наставничкиот совет за IX одд. може да даде само еден глас;
5. Редовност во наставата — неоправданите изостаноци заведени во свидетелствата од IV-IX одд. се земаат во предвид при бодувањето.

Подетално објаснување на бодувањето на индикаторите за успешност, се дадени во инструментот за бодување на кандидатите за избор на ученик на генерацијата и пофалени ученици при ООУ”Ацо Шопов” Бутел, Скопје. Откако училишната комисија ќе го изврши бодувањето на сите кандидати, врши рангирање врз основа на освоените поени.

**Член 16**

Првопласираниот кандидат, односно кандидатот со најмногу поени се прогласува за ученик на генерацијата, останатите рангирани се пофалени ученици во генерацијата IX одд.

**Член 17**

Доколку се појават два или повеќе кандидати со ист број поени, во тој случај се земаат во предвид работните оценки од последната или сите учебни години од IV до IX одд.

**Член 18**

Училишната комисија треба да го направи изборот на ученик на генерација и пофалени ученици најдоцна до 15 јуни во тековната година.

**Член 19**

Учениците од V, VI, VII и VIII одделение кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања, основното училиште ги пофалува, односно наградува.

За пофалување, односно наградување на учениците од V до VIII одделение се користи истиот инструмент за бодување и одлучува истата Комисија како и за првенец на генерација, меѓутоа се земаат во предвид само документи од тековната учебна година.

**В) Завршни одредби**

**Член 20**

Резултатите од изборот на ученик на генерација и пофалени ученици се соопштува на Наставничкиот совет од страна на претседателот на комисијата.

Формата и содржината на дипломите и начинот на нивното издавање на учениците треба да биде во согласност со Правилникот за формата и содржината на дипломите и начинот на нивнот издавање (Службен весник на РСМ 250/2020).

**Член 21**

Наставничкиот совет го потврдува изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици. Директорот на училиштето на свеченост организирана по тој повод, ги доделува дипломата за ученик на генерација и пофалниците за останатите рангирани ученици.

Учениците коишто не се прворангирани можат да поднесат приговор до Наставничкиот совет во рок од 3 дена од денот на усвојувањето на изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици од страна на Наставничкиот совет.

**Член 22**

Наставничкиот совет го разгледува приговорот и дава одговор по истиот во рок од 3 дена.

**Член 23**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на Наставничкиот совет на училиштето.

**Член 25**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, и ќе се објави на огласна табла и на веб страната на училиштето.

Правилникот е изготвен во соработка на директорот и од страна на Комисија во состав:

Весна Јакимовска – наставник ментор

Дарко Костенцов – предметен наставник

Маја Ивановска – педагог

Скопје, 17.05.2022 година

в.д. директор

Билјана Симоноска Антовска

___________________________

**Прилог 1:**

**Инструменти за бодување на кандидатите за избор на првенец на генерација и пофалени ученици при ООУ „Ацо Шопов“ – Бутел, Скопје**

Со цел пофалба, награда и мотивација на учениците за нивно напредување, залагање и успех во учењето, учество во натпревари, конкурси, хуманитарни и општествено корисни активности со кои се промовира училиштето, ООУ „Ацо Шопов“ – Бутел, го изработи следниот инструмент за бодување на кандидати за избор на првенец на генерација и пофалени ученици.

1. Континуиран среден успех 5,00 од I до IX одделение – **20 бода**
2. Примерно поведение на крај на наставната година од I до IX одделение – **5 бода**
3. Мал број оправдани изостаноци и без неоправдани изостаноци – **2 бода**
4. Учество во слободни ученички активности **– 2 бода**

   ( За секоја секција за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник како доказ дека ја посетувал секцијата, се доделува по 2 бода. )
5. Учество во додатна настава – **2 бода**

   ( За секоја додатна настава за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник како доказ дека ја посетувал додатната настава, се доделува по 2 бода. )
6. За учество во ученички организации ( Детска организација, Ученичка заедница, Подмладок на Црвен Крст, Ученички парламент ) – **2 бода**

   ( За секое учество во ученичка организација за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник или друг доказ дека е член на организацијата, се доделува по 2 бода. )
7. Учество во ликовни и литературни конкурси, училишни приредби, хуманитарни, културно уметнички, општествено корисни активности, проекти, медиумска афирмација на училиштето – **2 бода**

   ( За секое учество за кое кандидатот ќе приложи препорака од одговорниот наставник како доказ, се доделува по 2 бода. )

8. Учество и награди на училишен натпревар

| | I место | II место | III место | Пофалница |
|---|---|---|---|---|
| Индивидуален | 5 | 4 | 3 | 2 |
| Групен | 4 | 3 | 2 | 1 |

9. Учество и награди на индивидуални натпревари организирани од здруженија акредитирани од страна на МОН каде ментори се наставници од училиштето

| | I место | II место | III место | Пофалница |
|---|---|---|---|---|
| Општински | 11 | 9 | 7 | 5 |
| Градски – регионален | 14 | 12 | 10 | 8 |
| Државен | 17 | 15 | 13 | 11 |
| Меѓународен | 20 | 18 | 16 | 14 |

10. Учество и награди на групни натпревари (хор, оркестар, спортски натправари, драмски и јавни настапи) организирани од здруженија акредитирани од страна на МОН каде ментори се наставници од училиштето

| | I место | II место | III место | Пофалница |
|---|---|---|---|---|
| Општински | 9 | 7 | 5 | 3 |
| Градски – регионален | 11 | 9 | 7 | 5 |
| Државен | 13 | 11 | 9 | 7 |
| Меѓународен | 15 | 13 | 11 | 9 |

11. Учество и награди на индивидуални натпревари организирани од здруженија неакредитирани од страна на МОН каде ментори се наставници од училиштето

| | I место | II место | III место | Пофалница |
|---|---|---|---|---|
| Општински | 7 | 6 | 5 | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Градски – регионален | 8 | 7 | 6 | 5 |
| Државен | 9 | 8 | 7 | 6 |
| Меѓународен | 10 | 9 | 8 | 7 |

12. Учество и награди на групни натпревари (хор, оркестар, спортски натправари, драмски и јавни настапи) организирани од здруженија неакредитирани од страна на МОН каде ментори се наставници од училиштето

| | I место | II место | III место | Пофалница |
|---|---|---|---|---|
| Општински | 5 | 4 | 3 | 2 |
| Градски – регионален | 6 | 5 | 4 | 3 |
| Државен | 7 | 6 | 5 | 4 |
| Меѓународен | 8 | 7 | 6 | 5 |

13. Јавно гласање на Наставнички совет за кандидатите со идентички бодови. Секој наставник има право да гласа само за еден од приложените кандидати, при што треба да го образложи својот глас.

**Прилог 2:**

**Образец за бодување**

Име и презиме на ученик: __________________________

Одд: _________ Учебна година: _________

| | Критериуми | Бодови |
|---|---|---|
| 1 | Општ успех | |
| | | |
| 2 | Поведение | |
| | | |
| 3 | Изостаноци | |
| | | |
| 4 | Учество во слободни ученички активности | |
| | | |
| 5 | Учество во додатна настава | |
| | | |
| 6 | Учество во ученички организации | |
| | | |
| 7 | Учество во ликовни и литературни конкурси, училишни приредби, хуманитарни, културно уметнички, општествено корисни активности, проекти, медиумска афирмација на училиштето | |
| | | |
| 8 | Ученички натпревари | |
| 8.1 | Индивидуален | |
| 8.2 | Групен | |
| 9 | Учество и награди на индивидуални натпревари организирани од здруженија акредитирани од страна на МОН каде ментори се | |

| | | |
|---|---|---|
| | наставници од училиштето | |
| 9.1 | Општински | |
| 9.2 | Градски – регионален | |
| 9.3 | Државен | |
| 9.4 | Меѓународен | |
| 10 | Учество и награди на групни натпревари (хор, оркестар, спортски натправари, драмски и јавни настапи) организирани од здруженија акредитирани од страна на МОН каде ментори се наставници од училиштето | |
| 10.1 | Општински | |
| 10.2 | Градски – регионален | |
| 10.3 | Државен | |
| 10.4 | Меѓународен | |
| 11 | Учество и награди на индивидуални натпревари организирани од здруженија неакредитирани од страна на МОН каде ментори се наставници од училиштето | |
| 11.1 | Општински | |
| 11.2 | Градски – регионален | |
| 11.3 | Државен | |
| 11.4 | Меѓународен | |
| 12 | Учество и награди на групни натпревари (хор, оркестар, спортски натправари, драмски и јавни настапи) организирани од здруженија неакредитирани од страна на МОН каде ментори се наставници од училиштето | |
| 12.1 | Општински | |
| 12.2 | Градски – регионален | |
| 12.3 | Државен | |
| 12.4 | Меѓународен | |

Комисија:

____________________________________

____________________________________

____________________________________